Општина Гевгелија
Ул. „Димитар Влахов“ бр.4 * 1480 Гевгелија * Македонија
Тел. +389(0)34/213-843 • Факс . +389(0)34/213-899
www.gevgelija.gov.mk obrazovanie@gevgelija.gov.mk

Врз основа на чл.50 ст.1 т.16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), чл.1 од Одлука за доделување стипендии на студенти од општина Гевгелија запишани на Машинските и Електротехничките факултети („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.14/2023г.) за академската 2023/2024 година и член 5 од Правилникот за доделување 5 (пет) стипендии на на студенти жители на општина Гевгелија запишани на Машинските и Електротехничките факултети во Република Северна Македониј за академска 2023/2024 година, Градоначалникот на Општина Гевгелија распишува

# КОНКУРС
## за доделување на 5 (пет) стипендии на студенти жители на општина Гевгелија запишани на Машинските и Електротехничките факултети во Република Северна Македонија за академска 2023/2024 година

Општина Гевгелија за студиската 2023/2024 година ќе додели:

- **5 (пет) стипендии** на студенти жители на општина Гевгелија, запишани на Машинските и Електротехничките факултети во Република Северна Македонија кои запишуваат прв семестар во академска 2023/2024 година, па се до завршување на последен семестар од студиите доколку се редовни студенти.

Постапката за доделување на стипендии на студенти жители на општина Гевгелија се спроведува на начин, услови, критериуми уредени со Правилникот за доделување 5 (пет) стипендии на на студенти жители на општина Гевгелија запишани на Машинските и Електротехничките факултети во Република Северна Македониј за академска 2023/2024 година

## I. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТУДЕНТСКА СТИПЕНДИЈА

**Право на стипендија имаат студенти кои се:**

- Да се жители на општина Гевгелија;
- Да се државјани на Република Северна Македонија;
- Да се редовни студенти запишани во академска 2023/2024 год. на прв циклус студии на **Машинските и Електротехничките факултети во РСМ.**

## II. КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА

1. **Остварен успех во средното образование;**
- По овој основ може да се добијат најмногу 10 бода.
2. **Доставени сертификати и дипломи од натпревари на државно ниво, посебно од областа на природните науки;**
- По овој основ може да се добијат најмногу 20 бода.
3. **Материјални можности на студентот и неговото семејство за кој се** земаат месечните примања по член на семејството на студентот во однос на просечно исплатената плата по вработен во РСМ за последните 3 (три) месеци.
- По овој основ може да се добијат најмногу 60 бода.

При распределување на утврдените 60 бода по основ материјални можности на студентот и неговото семејство се земаат во просек материјалните можности на студентот и неговото семејство, односно вкупниот број на месечните примања (месечните нето плати и годишните приходи по разни основи прикажани во образецот од Управа за јавни приходи) во семејството на студентот поделени по член од семејството поделени на 12 месеци, при што кандидатот може да добие најмногу 60 бода и тоа:

- За приходи од 0 до 10.000 денари по член на семејство ....................60 бода;
- За приходи од 10.001 до 11.000 денари по член на семејство ............50 бода;
- За приходи од 11.001 до 12.000 денари по член на семејство .......... 40 бода;
- За приходи од 12.001 до 13.000 денари по член на семејство ............30 бода;
- За приходи од 13.001 до 14.000 денари по член на семејство ............20 бода;
- За приходи над 14.000 денари по член на семејство ..........................10 бода;

**Студент на самохран (починат/разведен) родител, родител со инвалидитет, студенти со посебни потреби;**

- По овој основ може да се добијат 10 бода.

Максималниот број на бодови кои може да ги добие студент согласно утврдените критериуми од овој член, изнесува вкупно 100 бода.

За усвоените бодови според утврдените критериуми од овој член комисијата изготвува посебна ранг-листа за оваа категорија на студенти, која ја доставува на градоначалникот на разгледување и одлучување.

При утврдување на ранг-листата според добиените бодови, при ист број на бодови предност има кандидатот со пониски материјални примања.

## III. НАЧИН, РОК И МЕСТО НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ ЗА СТИПЕНДИИ

**III. 1. НАЧИН НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВА ЗА СТИПЕНДИЈА**: Заинтересираните кандидати за доделување на стипендија согласно условите од овој конкурс доставуваат уредна и комплетна документација и тоа:

1) Пријава од студентот;

2) Потврда од високо-образовната институција за редовно запишана академска година;
студиска година;

3) Свидетелства од завршени 4 години средно образование (копии)

4) Сертификати и дипломи (копии)

5) Документи за утврдување на материјално-финансиската состојба на апликантот:

- за вработените членови на семејството да се достават потврди за остварена плата за последните три месеци сметано до денот на поднесувањето на пријавата, или доколку до овој месец не е исплатена плата, да се достави потврда за последно исплатената плата за оваа година (за родителите/старателите да се достави плата заверена од работодавецот);
- за пензионираните членови на семејството да се достави документ (чек) за висината на последно исплатената пензија;
- за разведените родители да се достави доказ за разводот, односно ако апликантот користи алиментација од родителот истата да се прикаже како месечен приход;
- за корисниците на социјалната помош да се достави последното решение за корисник на гарантиран минимален приход;
- за невработените членови на семејството на апликантот да се достават потврди од Агенцијата за вработување на РСМ дека се невработени или примаат месечен надоместок;
- За инвалидитет да се достави наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби издадена од надлежна установа, а согласно Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој;
- за браќа/сестри на кандидатот, кои се ученици/студенти, се доставува потврда од училиштето, односно факултетот или друга институција;
- Уверение од Управата за јавни приходи за остварени приходи по разни основи од претходната година (приходи од самостојна дејност, приходи од вршење земјоделска дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од капитал....), за родителите/старателите, кандидатот и другите членови на неговото потесно семејство.

6) Нотарски заверена изјава од апликантот дека доставените документи се вистинити и дека податоците одговараат на прикажаната состојба;

7) Изјава за давање согласност за обработка и користење на личните податоци на апликантот и на членовите на неговото потесно семејство;

8) Изјава на кандидатот дека не користи стипендии од други установи, институции или компании.

9) за починат родител се бара да се достави извод од матична книга на умрени од УВМК;

10) Изјава за семејната состојба на студентот и

11) Фотокопија од личната карта на студентот.

*Напомена:*

- Документите од точка 1, 2 и 5 се доставуваат во оригинал
- Изјавите од кандидатот од точка 6, 7, 8 и 10 ги пополнува лично кандидатот за стипендија користејќи образец на изјава доставен од Општината и истите ги потпишува

со своерачен потпис, а изјава од точка 10 ја пополнува и потпишува и членот на семејството за кој со приложените документи доставува лични податоци.

- ❖ Само Изјавата на апликантот дека доставените документи се вистинити и дека податоците одговараат на прикажаната состојба се доставува заверена на нотар
- ❖ Пријавите на кандидатите кои доставиле некомплетна, неуредна и ненавремена документација нема да бидат рангирани.
- ❖ Образец на пријавата за стипендија за редовни студенти и обрасци од изјавите за кандидатот и неговото потесно семејство можат да се подигнат од Општина Гевгелија или од веб страната http://www.gevgelija.gov.mk на Општина Гевгелија.

**III. 2. МЕСТО НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ ЗА СТИПЕНДИИ:**

Пријавата за стипендија заедно со документите за исполнување на условите од овој конкурс се доставуваат до архивата на Општина Гевгелија или по пошта на адреса: Општина Гевгелија, улица „Димитар Влахов" бр.4, 1480 Гевгелија, со назнака: **"За конкурсот за доделување 5 (пет) стипендии на студенти од општина Гевгелија, запишани на Машинските и Електротехнички факултети во РСМ, за академска 2023/2024 година**".

**III. 3. КРАЕН РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ ЗА СТИПЕНДИИ:**

Крајниот рок за поднесување на пријави за стипендии е **до 08.12.2023 година до 16 часот.**

- **Секоја пријава која е поднесена по утврдениот рок и време, ќе се смета за задоцнета и нема да биде разгледувана.**

`

**IV. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПРИЈАВИ ЗА СТИПЕНДИ**

Доставените пријави согласно распишаниот Конкурс ги разгледува Комисија за образование, култура и спорт на Советот на општина Гевгелија.

Комисијата за разгледување на пријавите за доделување на стипендии некомплетните и неблаговремени пријави не ги разгледува.

Комисијата од пристигнатите пријави утврдува ранг-листа и му ја доставува на Градоначалникот на разгледување и одлучување.

**V. ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПНЕДИИ**

Градоначалникот на Општина Гевгелија врз основа на доставената ранг-листа од Комисијата за разгледување на пријавите за доделување на стипендии донесува Одлука за доделување на стипендии на студенти жители на Општина Гевгелија.

**VI. ИЗВЕСТУВАЊЕ НА КАНДИДАТИТЕ:**

За спроведената постапка и за одлуката на Градоначалникот за доделените стипендии сите кандидати кои имаат поднесено пријава по распишаниот конкурс ќе бидат писмено известени. Одлуката за доделување на стипендии која ја донесува Градоначалникот на Општина Гевгелија ќе се објави и на веб страната на Општина Гевгелија.

**VII. ВИСИНА НА СТУДЕНТСКАТА СТИПЕНДИЈА:**

**Износот на стипендија по студент изнесува 6.000,00 денари месечно**, се доделува 10 (десет) месеци во времетраење на една академска година почнувајќи од месец септември се до месец јуни во иста академска година, и ќе се ќе се доделуваат секоја година до завршување на последен семестар од студиите, доколку се редовни студенти.

**VIII. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР**

Градоначалникот на Општина Гевгелија ќе склучи посебен договор со студентот на кој му е доделена стипендија, со кој ќе бидат подетално уредени начинот и условите за користење на стипендијата.

Градоначалник
на општина Гевгелија

***Андон Сарамандов***

Бр.08-1838/3
22.11.2023 год.
Гевгелија